Врз основа на член 24 став 1 алинеја 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број бр. 92 од 26.4.2021 година), а во врска со член 48 став 1 од Законот за заштита на лични податоци (Сл. весник бр.42 од 16.02.2020 година) и Правилникот за пренос на личните податоци (Сл. весник бр.122 од 12.05.2020 година), Директорот на Агенцијата за електронските комуникации на Република Северна Македонија го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

# КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на известување за преносот на личните податоци кои се во надлежност на Агенцијата за електронски комуникации во земјите членки на Европската Унија и на Европскиот економски простор, во трети земји и меѓународни организации, формите и содржината на обрасците за пријавување и водење евиденција за извршен пренос.

**Член 2**

Пренос на лични податоци претставува трансфер на личните податоци од Агенцијата за електронски комуникации до земји членки на Европската Унија и Европски економски простор, трети земји и меѓународни организации.

Преносот на лични податоци кои се обработуваат од Агенцијата за електронски комуникации се врши на начин без да се загрозува нивото на заштитата на личните податоци на субјектите согласно законската и подзаконската регулатива.

## Постапки за пренос и евиденција за извршен пренос на лични податоци

**Член 3**

Агенцијата за електронски комуникации го документира преносот на податоците кои се во нејзина надлежност согласно законската регулатива за заштита на личните податоци и важечкиот Правилник за пренос на лични податоци на надлежното регулаторно тело за заштита на лични податоци во образец  за Евиденција за извршен пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации, Европската Унија и Европски економски простор ( кој образец е составен дел на овој правилник и е даден како Прилог 1 на истиот) и ја доставува до Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Член 4**

Раководителите на сектори/служби се грижат за навремено и редовно известување и пополнување со соодветни податоци на обрасците за Пријавување за извршен пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации, Европската Унија и Европски економски простор и ја доставуваат до Агенцијата за заштита на личните податоци.

Образецот за Евиденција за пренос на лични податоци во држава членка на Европската Унија и земјите членки на Европскиот економски простор е составен дел на овој правилник и е даден како Прилог 2 на истиот.

Образецот за Евиденција за пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации врз основа на Одлука за соодветност на Агенцијата за заштита на лични податоци е составен дел на овој правилник и е даден како Прилог 3 на истиот.

**Член 5**

Пополнетите обрасци за Евиденцијата за пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации, земјите членки на Европската Унија и земјите членки на Европскиот економски простор, се доставуваат преку електронската пошта info@privacy.mk во скенирана копија или преку системот на е-пријави на Агенцијата за заштита на лични податоци, потпишано електронски или своерачно од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, согласно прописите за употреба на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Агенцијата за електронски комуникации основот за пренос на личните податоци во Европската Унија, земјите од Европскиот економски простор, трети земји и меѓународни организации го документира во Евиденцијата на активностите за обработка.

Секторот/службата за меѓународна соработка ја води и се грижи за навремено доставување на обрасците и редовно ажурирање и Евиденцијата за извршениот пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации, Европската Унија и Европски економски простор како и за рокот на чување на наведената документација.

**Член 6**

За секоја промена на податоците на извршениот пренос кои се водат во евиденцијата, Агенцијата за електронски комуникации, писмено ја известува Агенцијата за заштита на личните податоци во рок од 15 дена од денот на настанатата промена, за сите промени кои настанале по иницијалниот поднесок.

Доколку настане промена во однос на примачот на личните податоци при пренос, Агенцијата за електронски комуникации поднесува нова пријава за пренос на лични податоци или ново барање за добивање на одобрение за пренос на лични податоци, согласно законската и подзаконската регулатива од областа на заштитата на личните податоци.

**Типови на пренос на лични податоци**

**Член 7**

Во овој правилник се опфатени следниве типови на пренос на лични податоци:

1. Пренос на лични податоци без потреба од пријавување на преносот на личните податоци или барање одобрување за преносот во Агенција за заштита на личните податоци
2. Пренос на личните податоци во земјите членки на Европската Унија и земјите членки на Европскиот економски простор и известувањето на Агенцијата за заштита на лични податоци за истото.
3. Пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации, врз основа на Одлука за соодветност, која ја донесува Агенцијата за заштита на лични податоци.
4. Пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации, врз основа на документација со предвидени соодветни заштитни мерки, која ја доставува Агенцијата за електронски комуникации до Агенцијата за заштита на личните податоци.
5. Пренос на лични податоци врз основа на меѓународен договор, потпишан помеѓу Република Северна Македонија и трета земја.

**Пренос на лични податоци без потреба од пријавување на преносот на личните податоци или барање одобрување за преносот**

**Член 8**

Агенцијата за заштита на лични податоци не се известува или не се бара одобрување на преносот на личните податоци, доколку преносот на лични податоци ќе се изврши врз основа на барем еден од следниве услови:

а) Субјектот на лични податоци има дадено изречна согласност за предложениот пренос, а претходно е информиран за можните ризици од таквиот пренос, а поради непостоење на одлука за соодветност и на соодветни заштитни мерки;

б) Преносот е неопходен за склучување или извршување на договор склучен меѓу Агенцијата за електронски комуникации и субјектот на личните податоци или за спроведување на некои пред договорни мерки на барање на субјектот;

В) Преносот е неопходен за склучување или извршување на договор склучен меѓу Агенцијата за електронски комуникации и друго правно или физичко лице во интерес на субјектот на личните податоци;

г) Преносот е неопходен поради причини од јавен интерес;

д) Кога преносот е неопходен за воспоставување, остварување или одбрана на правни барања;

ѓ) Преносот на личните податоци е неопходен за заштита на суштинските интереси на субјектот на личните податоци или други лица, кога истиот е физички или деловно неспособен да даде согласност;

е) Преносот на лични податоци се врши од регистар кој според закон има за цел да обезбеди информации за јавноста и кој може да е отворен за консултации со јавноста или на било кое лице кое може да докаже легитимен интерес, но само до оној степен до кој условите утврдени со закон се исполнети со консултации во посебен случај.

Преносот не треба да ги вклучува сите лични податоци или сите категории на лични податоци. Кога регистарот служи за консултации од страна на лица со легитимен интерес, преносот може да се изврши само по барање на тие субјекти.

**Член 9**

Доколку преносот на личните податоци не може да се спроведе според член 8 од овој правилник, а при тоа нема одлука за соодветност, ниту документирани соодветни заштитни мерки, преносот може да се врши само доколку преносот не се повторува и се однесува на ограничен број на субјекти на лични податоци, а е потребен за исполнување на легитимните интереси на Агенцијата за електронски комуникации, врз кои не преовладуваат интересите, правата и слободите на субјектот на лични податоци.

Агенцијата за електронски комуникации , поточно раководителите на сектори/служби во консултации со офицерот/ замениците офицери за заштита на лични податоци ги оценуваат претходно сите околности поврзани со преносот и врз основа на проценката обезбедуваат соодветни заштитни мерки за заштита на личните податоци.

Агенцијата за електронски комуникации претходно ја информира Агенцијата за заштита на личните податоци за преносот на лични податоци. Исто така Агенцијата за електронски комуникации го информира субјектот за лични податоци за преносот на личните податоци, како и кој го прави преносот на личните податоци (целосни контакт информации за АЕК, контакт од офицер за заштита на лични податоци) и кој е основот за пренос односно доставува образложение за исполнување на легитимните интереси на Агенцијата за електронски комуникации.

**Пренос на личните податоци во земјите членки на Европската Унија и за земјите членки на Европскиот економски простор**

**Член 10**

Агенцијата за електронски комуникации при пренос на лични податоци во земјите членки на Европската Унија и Европскиот економски простор, задолжително доставува Пријава за пренос на лични податоци до Агенцијата за заштита за лични податоци. Образецот за Пријавата на личните податоци при пренос во земјите членки на ЕУ или земјите членки на ЕЕП е Прилог 2 кој е составен дел на овој Правилник.

Пријавата за пренос на лични податоци се доставува преку електронската пошта info@privacy.mk во скенирана копија или преку системот на е-пријави на Агенцијата за заштита на лични податоци, во рок од 15 дена пред денот на започнување на преносот.

Агенцијата за заштита на личните податоци одлучува во рок од 90 дена од приемот на предметното барање, а против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување на Управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации врз основа на одлука за соодветност**

**Член 11**

Пренос на лични податоци во трети земји или меѓународни организации (кои не се членки во ЕУ или ЕЕП) може да се изврши само ако Агенцијата за заштита на личните податоци претходно процени дека и тие обезбедуваат соодветно ниво на заштита.

**Член 12**

Доколку има потреба, АЕК може да поднесе до Агенцијата за заштита на личните податоци барање за добивање одобрение за пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации. Образецот за Барањето за добивање одобрение за пренос на лични податоци врз основа на одлука за соодветност е дадено во Прилог 3 кој е составен дел на овој Правилник.

Барањето се доставува преку електронската пошта info@privacy.mk во скенирана копија или преку системот на е-пријави на Агенцијата за заштита на лични податоци, во рок од 15 дена пред денот на започнување на преносот.

Агенцијата за заштита на личните податоци одлучува во рок од 90 дена од приемот на барањето, а против решението на Агенцијата за заштита на лични податоци АЕК може да поднесе тужба за поведување на Управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации врз основа на предвидени соодветни заштитни мерки**

**Член 13**

Во случај кога не е донесена одлука за соодветност од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци, Агенцијата за електронски комуникации може да пренесе лични податоци во трети земји или меѓународни организации само доколку за обработката се гарантира обезбедување соодветни заштитни мерки, како и под услов субјектите на лични податоци да имаат

применлива и достапна судска заштита во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци.

Соодветни заштитни мерки без да се бара претходно одобрување од Агенцијата за заштита на личните податоци можат да бидат определени во:

- Правно обврзувачки и извршни инструменти меѓу јавни органи и тела
- Задолжителни корпоративни правила согласно чл.51 од ЗЗЛП
- Стандардни клаузули за заштита на лични податоци утврдени од Агенцијата за заштита на лични податоци или одобрени од Европската Унија[1]
- Одобрен кодекс на однесување за применување соодветни заштитни мерки за заштита на личните податоци
- Одобрен механизам за сертификација за применување соодветни заштитни мерки за заштита на личните податоци

**Член 14**

Доколку не може да се обезбеди документација во која ќе бидат определени соодветни заштитни мерки, согласно членот 13 став 2 од овој Правилник, Агенцијата за електронски комуникации ќе треба да бара одобрение за пренос од Агенцијата за заштита на лични податоци при што соодветни заштитните мерки ќе се предвидат преку:

- Договорни клаузули помеѓу Агенцијата за електронски комуникации и корисникот на личните податоци во третата земја или меѓународна организација.
- Одредби во управни (административни) договори меѓу јавните органи и тела, кои содржат применливи и ефикасна заштита на правата на субјектите на личните податоци.

Образецот за Барањето за добивање одобрение за пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации врз основа на предвидени соодветни заштитни мерки е дадено во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 15**

Агенцијата за електронски комуникации, заедно со Барањето за добивање одобрение за пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации врз основа на предвидени соодветни заштитни мерки, треба да достави и документација каде се предвидени соодветните заштитни мерки.

Барањето за добивање одобрение за пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации врз основа на соодветни заштитни мерки, се доставува преку електронската пошта info@privacy.mk_во скенирана копија или преку системот на е-пријави на

---

[1] Standard Contractual Clauses (SCC) | European Commission (europa.eu)

Агенцијата за заштита на лични податоци, во рок од 15 дена пред денот на започнување на преносот.

Агенцијата за заштита на личните податоци одлучува во рок од 90 дена од приемот на барањето, а против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување на Управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од приемот на решението

**Член 16**

Во случај на престанување на својството на контролор на личните податоци, Агенцијата за електронски комуникации ќе ја извести писмено Агенцијата за заштита на личните податоци во рок од 15 дена, од денот на престанокот.

**Член 17**

Овој правилник влегува во сила со денот на потпишувањето и објавување на огласната табла на Агенцијата за електронски комуникации .

Наш број: 0201-2394/1
Скопје 23.08.2021

Агенција за електронски комуникации
Директор

Jeton Akiku

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

ПРИЛОГ 1

ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШЕНИОТ ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ЕВРОПСКИ ЕКОНОМСКИ ПРОСТОР (Правилник за пренос за лични податоци, Сл. весник бр.122 од 12.05.2020 година, Образец 5)

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Податоци за контролорот или обработувачот кој го врши преносот** | |
| 1.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење на физичко лице | |
| 1.2 | Контакт телефон | |
| 1.3 | Електронска пошта | |
| 1.4. | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци | |
| **2.** | **Држава каде ќе се врши преносот** | |
| **3.** | **Податоци за примачот на личните податоци (контролор, обработувач или заеднички контролор)** | |
| 3.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење за физичко лице | |
| 3.2 | Контакт телефон | |
| 3.3 | Електронска пошта | |
| 3.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за примените лични податоци | |
| **4.** | **Категории на субјектите на лични податоци, чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос** | |
| **5.** | **Цел/и на преносот на личните податоци** | |
| **6.** | **Категории на лични податоци кои се пренесуваат** | |

| | | |
|---|---|---|
| **7.** | **Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат** | |
| **8.** | **Рок на чување на пренесените лични податоци** | |
| **9.** | **Правен основ за пренос на личните податоци** | |
| **10.** | **Општ опис за преземени технички и организациски мерки за безбедност на личните податоци при преносот** | |
| **11.** | **Периоди на вршење на преносот** | |
| **12.** | **Број и датум на пријава за преносот на лични податоци во Европската Унија или Европскиот економски простор** | |
| **13.** | **Број и датум на донесено Решение за одобрување на пренос на лични податоци согласно член 49 став 3 од ЗЗЛП, врз основа на одлука за соодветност** | |
| **14.** | **Број и датум на донесено Решение за одобрување на пренос на лични податоци согласно член 50 став 3 од ЗЗЛП, врз основа на соодветни заштитни мерки** | |

Скопје, 23.08.2021 година М.П. ______________________

Република ... Агенција за електронски комуникации Скопје

ПРИЛОГ 2

ПРИЈАВА ЗА ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРЖАВА ЧЛЕНКА НА ЕУ ИЛИ ЕЕП (Член 48 став 3 од Законот за заштита на личните податоци Сл. Весник на РСМ, бр.42 од 16.02.2020 година, Правилник за пренос за лични податоци, Сл. весник бр.122 од 12.05.2020 година, Образец 1)

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Податоци за контролорот или обработувачот кој го врши преносот** | |
| 1.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење на физичко лице | |
| 1.2 | Контакт телефон | |
| 1.3 | Електронска пошта | |
| 1.4. | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци | |
| **2.** | **Држава каде ќе се врши преносот** | |
| **3.** | **Податоци за примачот на личните податоци во државата членка на ЕУ/ЕЕП (контролор, обработувач или заеднички контролор)** | |
| 3.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење на физичко лице | |
| 3.2 | Контакт телефон | |
| 3.3 | Електронска пошта | |
| 3.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за примените лични податоци | |
| **4.** | **Категории на субјектите на лични податоци, чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос** | |
| **5.** | **Цел/и на преносот на личните податоци** | |
| **6.** | **Категории на лични податоци кои се пренесуваат** | |

| | | |
|---|---|---|
| **7.** | **Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат** | |
| **8.** | **Рок на чување на пренесените лични податоци** | |
| **9.** | **Правен основ за преносот на личните податоци** | |
| **10.** | **Општ опис за преземени технички и организациски мерки за безбедност на личните податоци при преносот** | |
| **11.** | **Периоди на вршење на преносот** | |

Скопје, 23.08.2021 година

М.П. ____________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ

ПРИЛОГ 3

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ ИЛИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА СООДВЕТНОСТ (согласно член 49 став 3 од Законот за заштита на личните податоци Сл. Весник на РСМ, бр.42 од 16.02.2020 година, Правилник за пренос за лични податоци, Сл. весник бр.122 од 12.05.2020 година, Образец 2)

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Податоци за контролорот или обработувачот кој го врши преносот** | |
| 1.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење на физичко лице | |
| 1.2 | Контакт телефон | |
| 1.3 | Електронска пошта | |
| 1.4. | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренос лични податоци | |
| **2.** | **Трета земја или меѓународна организација каде ќе се врши преносот** | |
| **3.** | **Податоци за примачот на личните податоци во третата земја или назив на меѓународна организација (контролор, обработувач или заеднички контролор)** | |
| 3.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење на физичко лице | |
| 3.2 | Контакт телефон | |
| 3.3 | Електронска пошта | |
| 3.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за примените лични податоци | |
| **4.** | **Категории на субјектите на лични податоци, чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос** | |
| **5.** | **Цел/и на преносот на личните податоци** | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Категории на лични податоци кои се пренесуваат | |
| 7. | Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат | |
| 8. | Рок на чување на пренесените лични податоци | |
| 9. | Правен основ за преносот на личните податоци | |
| 10. | Дали европската унија или Агенцијата за заштита на личните податоци има донесено претходно одлука за соодветен степен на заштита на личните податоци на третата земја или меѓународна организација | |
| 11. | Општ опис за преземени технички и организациски мерки за безбедност на личните податоци при преносот | |
| 12. | Периоди на вршење на преносот | |

Скопје, 23.08.2021 година М.П. ____________________

Агенција за електронски комуникации СКОПЈЕ

ПРИЛОГ 4

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ ИЛИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРЕДВИДЕНИ СООДВЕТНИ ЗАШТИТНИ МЕРКИ (Член 50 став 3 од Законот за заштита на личните податоци Сл. Весник на РСМ, бр.42 од 16.02.2020 година, Правилник за пренос за лични податоци, Сл. весник бр.122 од 12.05.2020 година, Образец 3)

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Податоци за контролорот или обработувачот кој го врши преносот** | |
| 1.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење на физичко лице | |
| 1.2 | Контакт телефон | |
| 1.3 | Електронска пошта | |
| 1.4. | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци | |
| **2.** | **Трета земја или меѓународна организација каде ќе се врши преносот** | |
| **3.** | **Податоци за примачот на личните податоци во третата земја или назив на меѓународна организација (контролор, обработувач или заеднички контролор)** | |
| 3.1 | Назив и седиште на правното лице/ име и презиме, адреса на живеење на физичко лице | |
| 3.2 | Контакт телефон | |
| 3.3 | Електронска пошта | |
| 3.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за примените лични податоци | |
| **4.** | **Категории на субјектите на лични податоци, чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос** | |
| **5.** | **Цел/и на преносот на личните податоци** | |
| **6.** | **Категории на лични податоци кои се пренесуваат** | |
| **7.** | **Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат** | |
| **8.** | **Рок на чување на пренесените лични податоци** | |
| **9.** | **Правен основ за пренос на личните податоци** | |
| **10.** | **Општ опис за преземени технички и организациски мерки за безбедност на личните податоци при преносот** | |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | **Периоди на вршење на преносот** | |
| **13.** | **Договор помеѓу АЕК или обработувачот, како и контролорот, обработувачот или корисникот на личните податоци во третата земја или меѓународна организација со клаузули за соодветни заштитни мерки, како и применлива и достапна судска заштита за субјектите на личните податоци** | |
| **14.** | **Склучен управен (административен) договор меѓу јавните органи или тела со соодветни заштитни мерки и применливи и ефикасни права на субјектите на личните податоци** | |

Скопје, 23.08.2021 година М.П. ____________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ